

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*



***Октомври 2019 година***
***ЕУЦ-број 49/2019***

## РЕЗОЛУЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА ОТВОРАЊЕ ПРИСТАПНИ ПРЕГОВОРИ СО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА

Европскиот парламент на пленарната сесија на 24.10.2019 год. усвои Резолуција за отварање пристапни преговори со Северна Македонија и Албанија, за која гласаа 412 европратеници, 136 гласаа „против“ и 30 беа “воздржани”. Предлог-резолуцијата беше поднесена од 58 европратеници.

Со Резолуцијата, Европскиот парламент изразува длабоко разочарување од неуспехот на Европската унија да даде согласност за отпочнување пристапни преговори со Северна Македонија и Албанија, заради блокирањето од страна на Франција, Данска и Холандија, иако двете држави вложија значителни напори и ги исполнија барањата за отпочнување на преговори.

Резолуцијата нотира дека недавањето на зелено светло за отпочнување на преговорите претставува стратешка грешка и има негативен ефект за кредибилитетот на ЕУ. Политиката за проширување на ЕУ е најефикасниот инструмент на надворешната политика на Унијата. Напуштањето на овој инструмент може да доведе до зголемена на нестабилност на ЕУ.

Европскиот парламент жали што земјите членки не успеаа да постигнат едногласна одлука за отпочнување на преговорите. Ги повикува земјите членки да покажат одговорност за Северна Македонија и Албанија и едногласно да донесат позитивна одлука за отворање на преговорите на следната сесија и да ги земат предвид последиците од непреземање на активности во таа насока.

Со Резолуцијата се поздравува историската улога на Северна Македонија во решавањето на отворените билатерални прашања и за унапредување на добрососедските односи, особено преку Договорот од Преспа со Грција и Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Бугарија. Европскиот парламент го повикува Советот да ги земе предвид позитивните пораки на овие договори и контра-ефектите од одлуката на Советот, за политичката стабилност, регионалната соработка и мирниот соживот.

Резолуцијата повикува на продолжување на Дијалогот Жан Моне со Собранието на Северна Македонија како клучен инструмент за поддршка.

Резолуцијата ги поздравува заклучоците од лидерската средба во Северна Македонија на 20.10.2019 година, со кои се потврдува посветеноста на земјата кон европскиот пристапен процес и се истакнува дека Северна Македонија нема друга алтернатива освен евроинтеграциските процеси.

Одлуката на Европскиот совет упатува предупредувачки сигнал до земјите-кандидати и потенцијалните земји-кандидати од Западен Балкан и создава можности за влијанија на други држави кои може да го забават или целосно да го запрат спроведувањето на проевропските реформи во земјите кандидати за членство во ЕУ.

Резолуцијата истакнува дека младите во регионот имаат големи очекувања во врска со пристапувањето во ЕУ и верува дека иднината без јасна перспектива може да доведе до миграција од регионот.

Со Резолуцијата се повикува ЕП, како одговор на ќор-сокакот на Европскиот совет, да свика регионален парламентарен дијалог со раководството на парламентите на Западен Балкан, со цел да развие стратегија за улогата на парламентите во унапредување на реформската агенда во ЕУ .

www.europarl.europa.eu

### Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Резолуција на Европскиот парламент за отворање шристапни преговори со Северна Македонија и Албанија | 1 |
| Европскиот совет без консензус за проширувањето | 2 |
| Резолуција (2304) на Парламентарното собрание на Советот на Европа | 2 |
| Парламентите на Германија и Холандија со поддршка за датум за преговори со ЕУ | 3 |
| Есенски социјален самит | 3 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 4 |
| Новиот состав ан Европската комисија стапува на должност од 1 декември | 5 |
| Постигнат договор за Брегзит | 5 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 6-7 |
| Европската агенција за труд започна со работа | 8 |
| Индекс за родова еднаквост за 2019 година | 8 |
| Буџет на Европската унија 2021-2027 | 9 |
| Втор монитор на европските културни и креативни градови 2019 | 9 |
| Регионалните органски фарми во Европската унија | 10 |
| Наставниците во Европската унија | 10 |
| Во Франција отворен најголемиот лебдечки соларен парк | 11 |
| ЕУ календар / ноември 2019 | 11 |

## ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ БЕЗ КОНСЕНЗУС ЗА ПРОШИРУВАЊЕТО



Европските лидери после долгите преговори на 18 октомври годинава во Брисел не успеаа да постигнат согласност за проширувањето. Во кратките заклучоци од дводневниот самит на лидерите и шефови на Влади на ЕУ е наведено дека ***Европскиот совет ќе се наврати на прашањето за проширувањето пред самитот на ЕУ и Западен Балкан во мај 2020 год.***

Според Euroactiv.com, сите очекувања беа насочени кон Францускиот претседател Емануел Макрон чиј став беше камен на сопнување за одлуката да се отворат преговорите со Северна Македонија и Албанија. Земјите членки Франција, Германија, Холандија и Данска разгледуваа компромис преговорите да се поместат за април следната година или за самитот ЕУ-Западен Балкан во мај 2020 год. во Загреб.

Претходно Европската комисија и Европскиот парламент препорачаа отворање на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија, како и дека Македонија ја има поддршката од сите земји-членки освен од Франција, поради историската одлука да го реши спорот со Грција и промената на Уставот.

Франција не е подготвена да ја овори вратата на ЕУ за нови членки во период кога проблемите со корупција и владеење на правото во новите членки како Полска, Унгарија и Романија, го нарушуваат единството во ЕУ. Франција бара Европската комисија длабински да го реформира начинот на водење на преговорите за пристапување во ЕУ. На самитот Данска, Холандија и Шпанија предложиле раздвојување во процесот на Северна Македонија и Албанија, на што се спротивставиле Италија, Германија и Франција.

"*Направив се што можам да ја поддржам Северна Македонија и Албанија, но и понатаму имаме некои земји -членки кои се скептични околу пристапните преговори*" - изјави претседателот на Европскиот совет Доналд Туск.

Комесарот на ЕУ за проширување Јоханес Хан изрази разочарување бидејќи лидерите на ЕУ не го исполнија ветувањето да отворат преговори со Северна Македонија и Албанија и побара ЕУ и земјите членки да разјаснат колку е сериозна нивната посветеност на европската интеграција на Западен Балкан. На Твитер комесарот Хан напиша "*Одбивањето да се признае докажан напредок ќе има негативни последици, вклучувајќи ризик од дестабилизација на Западен Балкан со целосно влијание на ЕУ*".

"*Ни треба нов процес на проширување и стратешка одлука за тоа кои сме и каде сакаме да се проширувамe. Најпрво ни треба напредок во реформата на ЕУ...не се согласувам дека проширувањето треба да биде идеологија на ЕУ*" рече францускиот претседател Макрон на прес-конференцијата по самитот.

https://euobserver.com/enlargement

## РЕЗОЛУЦИЈА (2304) НА ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА



Парламентарното собрание на Советот на Европа на 2 октомври годинава, на 32-та сесија усвои Резолуција 2304 за постмониторинг дијалогот со Северна Македонија, врз основа на извештајот на Лиз Кристоферсен (Норвешка, СПЦ) и Александар Поциј (Полска, ЕПП/ЦД). Парламентарното собрание им оддаде признание на властите во државата  за напредокот постигнат од 2013 година и одлучи да го продолжи пост монитиоринг дијалогот и во наредниот период  да го оцени напредокот во  пет области што ќе ги процени во следниот извештај: натамошно консолидирање на функционирањето на демократските институции, зајакнување на независноста на судството, борбата против корупцијата, зајакнување на изборната рамка, и спроведување на инклузивни политики за заштита на правата на малцинствата.

Во Резолуцијата 2304 се поздравуваат преземените чекори по двегодишниот период на политичка транзиција, како и извонредното подобрување во односите со соседите. Се наведува дека неодамна донесените закони треба целосно да се имплементираат со цел да се зајакне судството и да се консолидира владеењето на правото.

На сесијата на ПС на СЕ свои обраќања имаа  пратениците од Собранието: Бетиан Китев, Никола Попоски, Шпреса Хадри.

http://www.assembly.coe.int

## ПАРЛАМЕНТИТЕ НА ГЕРМАНИЈА И ХОЛАНДИЈА СО ПОДДРШКА ЗА ДАТУМ ЗА ПРЕГОВОРИ СО ЕУ

**Германскиот Бундестаг** на 27 септември 2019 година даде поддршка за почеток на преговорите за пристапување во ЕУ за Северна Македонија и Албанија. Огромно мнозинство пратеници 476 гласаа за почеток на пристапните преговори со Северна Македонија, додека 122 беа против, а 16 воздржани. Германските пратеници не поставија услови за почеток на разговорите за пристапување во ЕУ со Северна Македонија. Законодавците од владејачката Централно-десничарска Христијанска демократска партија изразија поддршка за реформските напори на земјата, споменувајќи го историскиот договор за „името“ во 2018 година со Грција како пример за достигнување за целиот регион што затвори повеќедецениски спор. Беше побарано државата да го продолжи својот реформски курс, особено во областа на владеењето на правото, борбата против корупцијата и криминалот и човековите права.



https://www.reuters.com



https://balkaninsight.com

**Холандскиот парламент** на 09 октомври годинава даде поддршка на Северна Македонија за определување датум за почеток на преговорите за членство во ЕУ, но изрази резервираност за кандидатурата на Албанија главно заради лошиот напредок во борбата против организираниот криминал и корупцијата.
Холандските пратеници го изнесоа својот став една недела пред клучниот состанок на Европскиот совет на 17-18 октомври, и одлучувањето за двете земји, за почеток на преговорите со ЕУ. На сесијата на парламентарната Комисијата за европски прашања, што се одржа на иницијатива на министерот за надворешни работи Штеф Блок, беше дадена согласност дека Северна Македонија презела многу позитивни чекори во последните неколку години.

## ЕСЕНСКИ СОЦИЈАЛЕН САМИТ




Главната тема на есенскиот социјален самит беше „Напредок во социјалните и економските димензии за конкурентна, фер и одржлива Европа: Улогата на социјалните партнери и социјалниот дијалог“, кој се одржа на 16 октомври годинава во Брисел.
Во фокусот на дискусиите на овој самит беа три области:
- праведна транзиција кон климатска неутрална економија,
- инвестирање во вештини и подобрување на пристапот до обука за возрасни, и
- дизајнирање на индустриска политика погодна за иднината.

Трипартитниот социјален самит претставува форум за дијалог помеѓу институциите на ЕУ на ниво на претседател и европските социјални партнери на највисоко ниво на управување. Со самитот претседаваат претседателот на Европскиот совет, Доналд Туск, претседателот на Европската комисија, Жан-Клод Јункер и шефот на државата или владата на ротирачкото претседателство, Анти Рине, премиер на Финска.

https://eu2019.fi/

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

**Илхам Тохти од Ујгур, кој се бори за правата на кинеското ујгурско малцинство, е добитник на наградата „Сахаров“ за 2019 која ја доделува Европскиот парламент за слобода на мислата**

***Пленарна сесија 9-10 октомври 2019***

Европратениците побараа решение за следниот долгорочен буџет за инвестиции во ЕУ и предупредија за нарушувања на програмите финансирани од ЕУ.

Во резолуцијата усвоена со 422 гласа европратениците повикаа: на доставување законски предлози за утврдување минимална плата во ЕУ и фонд за доделување заеми на национални шеми за осигурување во случај на невработеност

Странското мешање за време на изборите во ЕУ и обидите да се влијае врз донесувањето одлуки во ЕУ ги става во опасност европските демократски општества, предупредија европратениците во резолуцијата усвоена со 469 гласа.

Европратениците се спротивставија на плановите на Комисијата да одобри увоз на ГМО производи толерантни на хербициди со база на глифосат и глуфосинат амониум, во необврзувачка резолуција усвоена на пленарната сесија.

Во резолуцијата усвоена со 426 гласа европратениците укажаа на ризикот дека планот за инвестирање во ЕУ 2021-2027 нема да биде договорен навреме со Советот и побараа да се потврди ставот на претходниот состав на ЕП за следната Повеќегодишна финансиска рамка, усвоен во ноември 2018 година.

***Пленарна сесија 21-24 октомври 2019***

Европскиот парламент одобри мерка за обезбедување дека ЕУ фондовите за 2020 година се целосно достапни доколку Велика Британија ја напушти ЕУ без договор. Предлог-регулативата го подолжува до 2020 година планот за вонредни состојби одобрен од Европскиот парламент на 17 април годинава. Истражувачите, студентите и земјоделците од Велика Британија треба да продолжат да добиваат поддршка од ЕУ во случај на непостигнување договор.

Европратениците одобрија измена на Фондот за солидарност на Европскиот фонд за прилагодување на глобализацијата со цел да вклучат поддршка за работниците кои би биле погодени од повлекувањето на Велика Британија од ЕУ без договор.

Европратениците беа информирани за изборната процедура на следниот омбудсман на ЕУ. Повикот за номинација беше објавен во Службен весник на ЕУ на 30 август 2019 година. Кандидатите ќе бидат повикани да ги презентираат приоритетите на расправа која Комисијата за петиции ќе ја одржи на 3 декември 2019 година. Народниот правобранител ќе се избира со тајно во декемвриската пленарна сесија на ЕП.

Европскиот парламент во нацрт-резолуција потенцира дека буџетот на ЕУ за 2020 година е „последната шанса Унијата да се приближи до исполнување на политичките заложби поставени за тој период, вклучително и за постигнување на целта на ЕУ за климата“.

Илхам Тохти од Ујгур, кој се бори за правата на кинеското ујгурско малцинство, е добитник на наградата „Сахаров“ за 2019 год. која ја доделува Европскиот парламент за слобода на мислата.Тохти е поборник за дијалог и застапник за спроведување на регионалните закони за автономија во Кина. Од 2014 година Тохти е осуден на доживотен затвор поради сепаратизам.

Наградата ќе биде доделна на 18 декември на свечена церемонија во ЕП во Стразбур.

Европратениците усвоија резолуција со која ги повикуваат земјите членки да работат на долготрајни правила со кои се обврзуваат мултинационалните компании да откријат какви даноци плаќаат во секоја земја.

Европратениците разговараа за заклучоците од самитот на ЕУ на 17-18 октомври на пленарна серија со претседателите Јункер и Туск. Претседателот Туск ја нарече одлуката да не се започнат преговорите за пристапување со Северна Македонија и Албанија „грешка“.

На темата проширување со Западен Балкан, скоро сите говорници го осудија неуспехот да се постигне едногласност во Европскиот совет и покрај огромната поддршка ширум ЕУ.

## НОВИОТ СОСТАВ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА СТАПУВА НА ДОЛЖНОСТ ОД 1 ДЕКЕМВРИ

Европскиот парламент планира новиот состав на Европска комисија, предводена од Урсула фон дер Лајен, да ја преземе функцијата од 01 декември, еден месец подоцна од очекуваното бидејќи Унгарија, Романија и Франција требаше да номинираат нови кандидати за европски комесари. Претседателот на ЕП, Давид Сасоли на 12 октомври најави дека изборот на новата Комисија најверојатно ќе биде одложен за еден месец. Европската комисија требаше да стапи на должност на 1 ноември годинава, но ЕП одби три кандидати за комесари, со што се пролонгираше процесот. За време на оценувањето на квалитетот на кандидатите, номинациите на унгарецот Ласло Трочани (за ресорот проширување на ЕУ) и романката Рована Плумб (ресор транспорт) беа одбиени заради „судир на интереси“, додека француѕинката Силви Гулар (ресор единствен пазар) не помина на сослушувањето од европратениците од „етички причини“.




Гласањето на ЕП за целиот тим на новата Европска комисија требаше да се одржи на 23 октомври годинава. За новата Комисија Европскиот парламент може да се изјасни во текот на пленарните сесии на 13 -14 ноември во Брисел или 25-28 ноември во Стразбур.

https://www.reuters.com

## ПОСТИГНАТ ДОГОВОР ЗА БРЕГЗИТ

Европската унија и Велика Британија на 17 октомври годинава постигнаа договор за Брегзит кој доколку се ратификува граѓаните и компаниите конечно ќе имаат јасна слика за тоа што ги очекува во иднина. Претходниот договор кој во декември 2018 год. го постигна поранешната премиерка Тереза Меј, три пати беше одбиен од Британскиот Парламент.

Прашањето за границата со Ирска и како да се задржи слободниот проток на луѓе и стоки преку единствената копнена граница на Велика Британија и некои од земјите -членки на ЕУ од самиот почеток беше главна препрека во условите за Брегзит. Отворената граница е клучна за регионалната економија и мировниот процес во Северна Ирска.

На почетокот, Британскиот премиер Борис Џонсон инсистирал цела територија на Велика Британија и Северна Ирска да ја напушти царинската унија, што би довело до неизбежни проверки на граница. Според новиот договор, проблемот се решава со задржување на Северна Ирска во единствениот пазар и укинување на царинските проверки на ирската страна од границата, со тоа границата останува отворена. Царинските проверки и царини ќе се однесуваат на британска стока која ќе влегува во Северна Ирска со крајна дестинација на ЕУ. Од друга страна и ЕУ се согласила на компромис и дозволила на Северна Ирска специјален пристап до единстениот пазар - нешто што не било прифатено во претходниот договор за Брегзит.

Според новиот договор Велика Британија ќе ја напушти ЕУ на 31 октомври годинава, но ќе остане во единствениот европски пазар до крајот на 2020 година, додека двете страни да договорат нови трговски односи. Велика Британија до крајот на 2020 год. би требала да плаќа придонеси за пензија на администрацијата вработена во ЕУ и програмите на ЕУ во кои учествува Британија, проценети на околу 39 милијарди фунти.




Европските граѓани кои моментално живеат и работат во Велика Британија и Британците кои работат во ЕУ, нема да ги изгубат своите граѓански права на престој и работа. Сепак, европските граѓани повеќе нема да можат слободно да заминуваат да работат во Британија и обратно, а за кратките посети ќе биде задржан безвизниот режим.

Претседателот на британската опозициска Лабуристичка партија Џереми Корбин ги повика пратениците да го одбијат новиот договор за Брегзит. Според Корбин “најдобар начин да се реши Брегзит е да му се даде последниот збор на народот на гласање”.

Британскиот парламент на 19 октомври одби да гласа за новиот договор за Брегзит, поради што по трет пат се побара одложување.

Британскиот Парламент на 28 октомври го одби предлогот на премиерот Џонсон на 12 декември да се одржат предвремени избори.

Европска Унија прифати одложување на Брегзит најдоцна до 31 јануари.

https://www.bbc.com

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија учествуваше на Конференција на претседатели на Парламенти на земјите членки на Советот на Европа на 24 октомври во Стразбур, Џафери имаше свое обраќање на европската конференција на претседатели на парламенти на тема „Нашиот заеднички европски дом: следните 70 години“ во кое истакна дека не постои друга алтернатива освен полноправно членство во ЕУ и НАТО, уште поревносно продолжување со реформите, за доброто на нашите граѓани, за напредокот и развојот на нашата земја.
Во Европскиот парламент во Стразбур, претседателот на Собранието Џафери оствари средба и со претседателот на Европскиот парламент, Давид Сасоли и потпретседателката Клара Добрев. На средбата, претседателот Џафери изрази благодарност до Европскиот парламент за континуираната силна поддршка на процесот на проширување на ЕУ и поддршката на европратениците за Северна Македонија безусловно да ги започне преговорите за членство во ЕУ.
Претседателот на Собранието Талат Џафери оствари средби и со европратениците: Дејвид Мекалистер претседател на Комитетот за надворешни работи на ЕП, Андреас Шидер копретседавач на МПК ЕУ и Република Северна Македонија, Илхам Кјучјуки известителот за Република Северна Македонија во ЕП , како и со т.н. известувач во сенка Тања Фајон. Европратениците ја реафирмираа силната поддршка на Собранието, а соработката во форма на Мешовитиот парламентарен комитет и Жан Моне Дијалогот ќе продолжат на редовна основа.

---

Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 10 октомври 2019 година оствари средба со претседателот на Владата на Република Словенија, Марјан Шарец. На средбата Џафери информираше дека Република Северна Македонија за релативно краток временски период успешно ги надмина отворените прашања со Република Грција и Република Бугарија и го отвори патот за членство во НАТО.Тој изрази благодарност на Република Словенија за првата ратификација на Протоколот по Република Грција оваа година.



---



Делегација на Собранието од 13 до 17 октомври 2019 год. во Белград, Република Србија учествуваше на 141 Собрание на Интерпарламентарната унија (ИПУ) во состав: Талат Џафери, претседател на Собранието и шеф на Делегацијата, Диме Велковски, Димитар Стевананџија, Агим Шаќири и Јулиана Николова членови на Делегацијата и Цветанка Иванова генерален секретар на Собранието. Претседателот Џафери имаше свое обраќање во кое истакна заложбата за обезбедување законска рамка врз која ќе се основаат трите најзначајни области на независност на законодавниот дом, финансиска независност, независна служба и независно обезбедување.

Претседателот на Собранието, Џафери оствари средби со: Али Ардешир Лариџани претседател на Парламентот на Исламската Република Иран, претседателот на Државниот збор на Република Словенија Дејан Жидан, делегациите на Мексико предводена од Лаура Анхелика Рохас Ернандез претседателка на Претставничкиот дом, делегација од Босна и Херцеговина предводена од Небојша Радмановиќ заменик на претседавачот на Претставничкиот дом, Никола Шпириќ заменик на претседавачот на Домот на народите на Парламентарното собрание на БиХ, делегација на Австралија предводена од Луси Викс пратеник во Претставничкиот дом на Парламентот на Австралија и претседателката на Народното собрание на Република Србија, Маја Гојковиќ. На средбите Џафери ги запозна соговорниците со актуелните состојби во врска со евроатлантските интеграции на Северна Македонија, односно очекувањата за добивање на датум за започнување на пристапните преговори со Европската Унија и за интегрирањето во НАТО.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Националниот совет за евроинтеграции на Шестата седница одржана на 14 октомври 2019 година расправаше за очекувањата и перспективите во процесот на пристапување во ЕУ. На седницата присуствуваа заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г. Бујар Османи, членови на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, граѓански организации, институции, како и амбасадори на земји-членки на ЕУ во државата. Во дебатата на седницата учествуваа: г-ѓа Шпреса Хадри член на Советот, г. Бојан Маричиќ од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, г-ѓа Јагода Шахпаска, член на Комисијата за европски прашања и г-ѓа Лидија Димова, директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.



Мониторинг комисијата на ПССЕ на сесијата доцна попладнето на 2 октомври 2019 год. во Стразбур ја усвои Резолуцијата за постмониторинг дијалогот со Република Северна Македонија, врз основа на извештајот изготвен од Лисе Кристоферсен, пратеничка од Норвешка и Александар Поциј, пратеник од Полска. Во текстот, Комисијата им оддаде признание на властите на Северна Македонија за постигнатиот напредок од 2013 година. За време на сесијата свое обраќање имаа пратениците Бетијан Китев, шеф на делегацијата, Никола Попоски и Шпреса Хадри. На првиот ден на сесијата францускиот државен секретар за европски прашања Амели де Моншалан ја поздрави големата политичка храброст на Владата за постигнување на договорот од Преспа.



На покана на Бертран Сор, претседател на Групата за пријателство Франција-Северна Македонија на Националното собрание на Француската Република, Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Француската Република во состав: Панче Иванов, претседател, Бетиан Китев, Лидија Тасевска, Никола Попоски, Весна Дамчевска-Илиевска, Даниела Рангелова и Фадил Зендели, членови на групата од 8 до 10 октомври 2019 година оствариja работна посета на Националното собрание и Сенатот на Француската Република. На остварените средби за време на посетата пратениците истакнаа дека во функција на зацврстување на регионалната стабилност, Република Северна Македонија посветува големо внимание на добрососедските односи кои се конкретизираат со средбите на највисоко ниво со Албанија, Косово, Република Србија, Бугарија и позитивните билатерални односи со Грција по потпишување на Преспанскиот договор.



По повод одбележување на 15 Октомври - Меѓународниот ден на Белиот стап - симболот на слепиот човек, посета на Собранието оствариja претставници од Здружението на слепи и лица со оштетен вид Скопје. Во рамки на посетата, беше одржана средба со двајца пратеници во Собранието, потпретседатели на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности.

Собранието во континуитет презема активности за промовирање на култура на отвореност на законодавната власт преку вклучување и информирање на сите категории граѓани и здруженија, како и разгледување на можностите за идна соработка.

## ЕВРОПСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА ТРУД ЗАПОЧНА СО РАБОТА

Европската агенција за труд официјално започна со работа со инаугуративна церемонија и првиот состанок на Управниот одбор составен од претставници на земји-членки, Европската комисија, социјални партнери на ниво на ЕУ, Европскиот парламент, и набљудувачи од Исланд, Лихтенштајн, Норвешка, Швајцарија и др.агенции на ЕУ во областа на вработувањето и социјалните работи.

ЕУ има значајно законодавство кое регулира различни аспекти на мобилност, кое Комисијата на Јункер го ревидираше и го подобри во изминатите години. За да се олесни спроведувањето на правилата, Комисијата предложи формирање на нов орган како начин за зајакнување на структурирана соработка и размена помеѓу надлежните национални органи

Целите на Европската агенција за труд се:
- олеснување на пристапот до информации и услуги на граѓаните и бизнис секторот за нивните права и обврски,
- олеснување на соработката помеѓу земјите-членки во спроведувањето на законодавството на ЕУ во рамките на својот делокруг, вклучително и со олеснување на усогласени и заеднички инспекции, и справување со непријавената работа, и
- посредување и олеснување на решенијата во случаи на прекугранични спорови.

Активностите на агенцијата се однесуваат на правилата за мобилност на трудот односно на слободното движење и испраќање на работници, координација за социјално осигурување и специфично законодавство во секторот за патен сообраќај. Нема да се креираат нови надлежности на ниво на ЕУ и земјите-членки ќе останат целосно одговорни за спроведување на правилата за труд и социјално осигурување. Додадената вредност на агенцијата произлегува од фактот дека таа ќе ја олесни соработката помеѓу земјите-членки, ќе ги насочи постојните структури и ќе обезбеди оперативна поддршка, обезбедувајќи поефикасно спроведување на правилата.

На 13 јуни 2019 година земјите-членки се договорија седиштето на новата агенција да биде во Братислава, Р. Словачка.

https://europa.eu

## ИНДЕКС ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ЗА 2019 ГОДИНА

Најновиот индекс за родова еднаквост од Европскиот институт за родова еднаквост покажува дека оценката на ЕУ за родовата еднаквост е поместена само еден процентен поен, на 67,4, од 2017 година. Шведска останува на врвот на табелата во ЕУ, со 83,6 поени, потоа следува Данска со 77,5.

Грција и Унгарија имаат помалку од 52 поени. Португалија е со пораст од 3,9 поени, а по нив е Естонија со 3,1 поени.

Билансот на работниот живот и неговата поврзаност со родовата еднаквост е посебен фокус на годинашниот индекс. Родителското отсуство е една од важните мерки на политиката за поддршка на родителите, но не е достапна за сите. Во ЕУ, 28% од жените и 20% од мажите немаат право на родителско отсуство. Пристапот до прифатливи и квалитетни услуги за грижа за деца е важен за рамнотежата помеѓу работата и животот.

Стапките на стареење и инвалидитет во ЕУ растат, што ја поттикнува побарувачката за услуги за долготрајна нега за постари лица и лица со посебни потреби.

Предвременото пензионирање е дел од неформалните долгорочни грижи во ЕУ. Разликата е забележителна кај возрасната група од 50-64 години: 21% од жените и 11% од мажите се грижат за постари лица и/или лица со посебни потреби најмалку неколку дена во неделата.

Индексот за родова еднаквост е алатка за мерење на напредокот на родовата еднаквост во ЕУ, развиен од Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ).

Индексот има шест основни домени - работа, пари, знаење, време, моќ и здравје и два дополнителни домени: насилство врз жените и вкрстување на нееднаквости. Тој им дава поголема видливост на областите на кои им е потребно подобрување и дава поддршка креаторите на политики да дизајнираат поефективни мерки за родова еднаквост.

За прв пат, индексот ја истакнува состојбата на ЛГБТ и жените Роми и муслимани во области со достапна статистика.

https://eige.europa.eu

## БУЏЕТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2021-2027

Пред состанокот на Европскиот совет на 17 и 18 октомври, Европската комисија ги повика шефовите на држави и влади на ЕУ, да обезбедат политичко лидерство и нов поттик за преговорите со цел да се постигне договор за фер, балансиран, пофлексибилен долгорочен ЕУ буџет на ЕУ за периодот 2021-2027, пред крајот на оваа година.

Следната повеќегодишна финансиска рамка треба да одговара на денешните предизвици за да овозможи на ЕУ да ги исполни очекувањата на граѓаните.

Во објавеното соопштение Европската комисија ги истакнува главните точки што треба да се земат предвид и да се дадат јасни насоки од лидерите на ЕУ со цел да се постигне брз договор, кој вклучува:

- целокупното ниво на финансирање да одговара на заедничките приоритети на Унијата;
- пофлексибилен буџет со правилен баланс помеѓу политиките и силен фокус на додадената вредност на ЕУ;
- потранспарентен пристап за финансирање на буџетот на ЕУ и воведување нови извори на приходи за поддршка на приоритетите и намалување на товарот за националните придонеси и
- поголема политичка кохерентност, преку поблиска врска помеѓу финансирањето и




приоритетите на политиките и преку посилни алатки за заштита на буџетот на ЕУ од недостатоци на владеењето на правото.

Стратешките одлуки за овие елементи треба да помогнат во унапредувањето на тековните преговори за следниот долгорочен буџет на ЕУ, што беше договорено од лидерите на ЕУ во јуни годинава.

Во мај и јуни 2018 година, Комисијата даде предлог за нов и модерен пофлексибилен долгорочен буџет, цврсто насочен кон приоритетите на Унијата, вклучително и законодавните предлози за 37 секторски програми. Постигнат е напредок во целокупната рамка и кај многуте секторски предлози.

Се укажува на потребата од стратешко управување и водство од страна на лидерите со цел навремен почеток на новите програми на 1 јануари 2021 година.

https://europa.eu

## ВТОР МОНИТОР НА ЕВРОПСКИТЕ КУЛТУРНИ И КРЕАТИВНИ ГРАДОВИ 2019

Европската комисија на 8 октомври годинава издаде второ издание „Монитор за културни и креативни градови“ - алатка дизајнирана за одредување и зајакнување на креативниот и културниот потенцијал на европските градови, од големо значење за воведување економски раст и социјална кохезија. По успехот на првото издание во 2017 година, изданието за 2019 година претставува ажуриран портрет на културното и креативно богатство на Европа, во проширен примерок од 190 градови во 30 земји, вклучително и Норвешка и Швајцарија. Алатката е создадена од Заедничкиот центар за истражување, наука и знаење на Европската комисија, која ја следи преработена он-лајн алатка која овозможува на градовите да додадат свои податоци за подетално покривање.

Првото издание на „Монитор за културни и креативни градови“ ги инспирираше локалните власти низ цела Европа, на пр. Мадрид (Шпанија) користеше докази вклучени во Мониторот за да разбере кон кои културни и креативни средства, како што се споменици, музеи, кина, театри и галерии, шпанскиот главен град треба да ја насочи својата стратегија за брендирање со цел да го подобри својот меѓународен ранг. Како резултат на тоа, Мадрид објави нова брошура „Мадрид - факти и бројки 2018“ во која се промовираат богатите културни места во градот.

Мониторот беше од корист и на Унгарија, во анализа на идните инвестициски потреби и обезбедување докази кои



ја поддржаа одлуката на градот во донесување на Стратегија за културна и креативна економија 2019-2028. Во стратегијата се идентификуваа клучните мерки кои треба да се спроведат, како што се создавање креативни простори за уметници и дизајн центар за инкубација.

Градот Умеш (Шведска) ја искористи алатката за подигнување на свеста кај локалните засегнати страни, за улогата на културните инвестиции во поттикнување на одржлив развој.

https://europa.eu

## РЕГИОНАЛНИ ОРГАНСКИ ФАРМИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА




Обемот на органското земјоделство значително варира во регионите на ЕУ. Вкупната органска површина претставува збир на „подрачјето кое е под конверзија“ плус „сертифицираното подрачје“. Пред да може да се сертифицира една област како „органска“, таа мора да претрпи процес на конверзија, што може да трае 2-3 години во зависност од земјоделските култури.

Регионалната разновидност во ЕУ е претставена во методите на земјоделско производство, како на пр. во обемот на органското обработување на земјата. Постои само еден регион каде над една половина од земјоделската површина се обработува со органски методи на производство, додека 13% од регионите имаа помалку од 1% од нивната површина под органско земјоделство во 2016 година.

Најголем удел во органското земјоделство има во регионот Салцбург (Австрија), каде околу 1/2 (52%) од вкупната искористена земјоделска површина се користела за органско земјоделство во 2016 година (последната година за која се достапни регионалните податоци). Има уште 7 региони каде органското земјоделство учествувало и се зголемило од 1/4 од вкупната искористена земјоделска површина: Северозапад во Чешка (30%), Мелерста Норланд во Шведска со (29%), Калабрија во Италија (29%), Бургенланд во Австрија (27%), Сицилија во Италија (26%) и Моравскослезско во Чешка (25%).

Споредено со 2013 год. зголемување на учеството на органското земјоделство е забележано во Калабрија во Италија и Салцбург во Австрија (11%), тесно ги следат Сицилија во Италија и Регион де Брукелс-Капитале во Белгија (со 9%), како и Оланд во Финска ( 8%).

https://ec.europa.eu/eurostat

## НАСТАВНИЦИТЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА




Податоците на Европската унија покажуваат дека во 2017 година, во Унијата 5,8 милиони луѓе работеле како наставници во основно и средно образование. Дури 72% од нив или 4,2 милиони се жени наставнички.

Меѓу наставниците кои работат во ЕУ, половина милион или 9% од вкупниот број се помлади од 30 години, додека 2,1 милиони или 36% се постари од 50 години.

Повеќе од 85% од наставниците кои работат во Литванија и Летонија се жени.

Во сите земји-членки на ЕУ, наставниците во 2017 година претежно биле жени. Уделот на жени во оваа професија е најголем во Летонија (87%) и Литванија (85%), по што следуваат Бугарија, Естонија и Словенија со по 85%. За разлика од нив, уделот на мажите во професијата наставник е најголем во Данска (35%, податоци за 2014 година, со исклучок за средното образование) и Луксембург (35%), пред Шпанија и Грција (34%), Франција (32%) и Холандија (31%).

Европската статистика, исто така покажува дека 9% од наставниците во ЕУ имале повеќе од 60 години, а најголем удел во оваа старосна група имаат: Естонија (19%), Италија (17%) и Германија (16%).

https://ec.europa.eu/eurostat

## ВО ФРАНЦИЈА ОТВОРЕН НАЈГОЛЕМИОТ ЛЕБДЕЧКИ СОЛАРЕН ПАРК



Долината на Рона во Јужна Франција е најпозната по одличните вина и прекрасна храна, но може да ја додаде и соларната енергија во својата листа на препознатливост. Во овој регион на 18 октомври 2019 год. свечено беше пуштена во употреба најмоќната фотоволтаична енергетска станица (PV), позната како Соларен парк, што претставува уште една пресвртница во развојот на соларната енергија.

Проектот O'MEGA1 е соларен парк од 17 мегавати (MW) сместен во Пиоленс, општина во одделот Воукле, во близина на Оринџ и Авињон. Единствен и најголем соларен парк во Европа базиран на лебдечка соларна технологија. Оваа лебдечката структура помага во намалување на конфликтите околу употребата на земјиштето затоа што може да се инсталира на резервоари за вода за пиење, индустриски базени, рамнини кои се под вода или езера.

Иновативноста на проектот произлегува

За прв пат, Акуо Енерџи го отвори главниот град и проектот O'MEGA1 за жителите кои имаат дом во Воукле и регионот. Целта на овој пристап е да ги охрабри граѓаните да се вклучат во финансирањето на енергетската транзиција користејќи ги засегнатите страни во регионот.

Иновативниот аспект на проектот не запира тука. Акуо Енерџи се здружи со независниот снабдувач на електрична енергија, Плам Енерџи со цел да развие етикета „Зелена електрична енергија со контролирано потекло“, која ќе биде прва од ваков вид во Франција. „Оваа понуда им гарантира на своите идни клиенти 100% обновлива енергија произведена исклучиво во Франција, со што се создава вредност во оваа земја“, истакнуваат од Акуо, водечки независен производител на енергија од обновливи извори во Франција.

Работите на проектот O'MEGA1 започнаа во 2014 година, на местото на еден стар каменолом, кој бил претворен во езеро. Фабриката е официјално инаугурирана во присуство на француската министерка за еколошка и инклузивна транзиција Елизабет Борн и државната секретарка во министерството, Брун Пуарсон. Според промоторите, годишното производство на фабриката ќе биде доволно за напојување на 4.733 домови, избегнувајќи испуштање на 1.096 тони $CO_2$ во атмосферата.

http://www.akuoenergy.com/en

---

**Во Собранието во месец октомври се донесе 1 закон од НПАА -** Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство.

---

*ЕУ КАЛЕНДАР / ноември 2019*

*1.Конференција за иднината на LIFE програмата на ЕУ, 6-7/11/2019, Брисел, Белгија;*
*2. Самит за здрави работни места 2019,12-13/11/2019, Билбао, Шпанија;*
*3. Меѓународна конференција ЕУ ДатаВиз 2019, Центар за конвенции, Луксембург;*
*4.Пленарна сесија на Европскиот парламент, 13-14 и 25-28/11/2019, Стразбур;*
*5. Конференција на паметни региони, трансформација преку паметна специјализација, 14-15/11/2019, Брисел, Белгија;*
*6. Европски ден на претпријатијата за социјална економија 2019, 14-15/11/2019, Брисел, Белгија.*




Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk


*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




